ООУ„Кочо Рацин"-Охрид
Ул. „130" број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Бр. 03-173/1
19.04.2024

Врз основ на член 60 и член 183 од Закон за основно образование (Сл весник на РСМ 161/2019), ООУ „Кочо Рацин“ Охрид на ден 19.04.2024 година го објавува следниов

**О Г Л А С**

**ЗА УПИС ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНА 2024/25 ГОДИНА**

1. Уписите на ученици во прво одделение ќе се вршат во период од 07.05.2024 заклучно со 31.05.2024 година.
2. Законски обврзници за запишување во прво одделение, се деца родени од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.
3. По исклучок од точка 2 на овој оглас во прво одделение може да се запише дете кое ќе наполни 6 години старост најдоцна до 31.01.2025 година, но по претходно барање од родителот/ старателот и добиено мислење од стручната служба во училиштето.
4. Потребни документи за упис во прво одделение:
   - Пополнета пријава за упис во училиштето
   - Извод од матична книга на родени /оригинал или копија
   - Медицинска потврда за примени задолжителни вакцини издадена од надлежна установа
   - Потврда за извршен стоматолошки преглед издадена од надлежна установа Ј.З.У. Здраствен дом-Охрид (закажување на 078/ 38 45 57)
   - Медицинска потврда за извршен офталмолошки преглед издадени од надлежна здравствена установа.
5. Документите заедно со пријавата се доставуваат во училиштето во период од 07.05.2024 до 31.05.2024 секој работен ден од 8 до 16 часот или по електронски пат преку апликација **uslugi. gov.mk**
6. За запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и Мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.
7. Образецот на пријава може да се добие од училиштето во печатена форма или електронски по барање од родителот на е маил адреса ou-kochoracin-ohrid@schools.mk.

Директор

/Славица Котеска/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште „КОЧО РАЦИН“
ОХРИД

Scanned with CamScanner